**Утврдување пондер на ризичност на нефункционалните побарувања**

**Прашање:** На кој начин се утврдува пондерот на ризичност кај нефункционалните побарувања?

**Одговор:** При утврдувањето на пондерот на ризичност кај нефункционалните побарувања, банката треба да ги следи одредбите од точката 73 од Одлуката. На необезбедениот дел на нефункционалните побарувања се применува пондерот на ризичност од 100% или 150%, во зависност од тоа дали односот на износот на издвоената исправка на вредноста на нефункционалното побарување и на бруто-износот на необезбедениот дел од нефункционалното побарување е поголем или помал од 20%, соодветно.

При утврдувањето на пондерираната вредност на нефункционалните побарувања, банката треба да го има предвид и следново:

- согласно со точката 6 потточка 22 од Одлуката, делот од побарувањето во бруто-износ којшто не е обезбеден со инструментите за кредитна заштита од главата VI.2 од Одлуката го претставува необезбедениот дел од побарувањето и
- согласно со точката 35 од Одлуката, во случаите кога одредено побарување има обезбеден и необезбеден дел, издвоената исправка на вредноста/посебната резерва прво се распоредува на необезбедениот дел од побарувањето.

Оттука, при утврдувањето на пондерот на ризичност на нефункционалните побарувања, банката може да го земе предвид влијанието на инструментите за кредитна заштита како што е дефинирано во главата VI.2 од Одлуката. Банката ги применува пондерите на ризичност од точката 73 од Одлуката за необезбедениот дел на нефункционалното побарување, а за делот од побарувањето којшто има третман на обезбедено побарување може да примени и пониски пондери на ризичност, во зависност од видот и карактеристиките на инструментот за кредитна заштита.

**Утврдување пондер на ризичност на побарувањата покриени со деловни објекти**

**Прашање:** Кој пондер на ризичност треба да се примени за побарувањата покриени со деловни објекти при утврдувањето на активата пондерирана според кредитниот ризик?

**Одговор:** Банката треба да примени пондер на ризичност од 100% за побарувањата покриени со хипотека на деловен објект, со исклучок на побарувањата коишто се обезбедени со некој од инструментите на кредитна заштита од главата VI.2 од Одлуката (кога се применува пондерот на ризичност за соодветниот инструмент за кредитна заштита). Банката ги прикажува овие побарувања во образецот АПКР - ПДО.

Доколку станува збор за побарување од должник за кој, согласно со останатите одредби на Одлуката, треба да се примени пондер на ризичност од 150%, а истовремено побарувањето е обезбедено со хипотека на деловен објект и се исполнети критериумите од точката 71 алинеи 2, 3, 4, 5 и 6 од Одлуката, за ова побарување може да се примени

пондер на ризичност од 100%. Овој исклучок е предвиден во точката 72 став 2 од Одлуката.

Треба да се има предвид дека при утврдување на исполнувањето на критериумите од точката 67 од Одлуката за вклучување на побарувањата во портфолиото на мали кредити, побарувањата покриени со деловен објект не се вклучуваат во утврдувањето на вкупната изложеност кон должникот и лицата поврзани со него (6.000.000 денари).